Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став1 точка 16 и член 48 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 141/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 54 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) на седницата одржана на 13.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА И ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ПОСТРОЈКИ ЗА КОМБИНИРАНО ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА И ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Се одзема лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на топлинска и електрична енергија во постројки за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија на Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје со евидентен број ЕЕ-220.01.1/11 и ТЕ -14.01.01.14 издадена од Регулаторната комисија за енергетика со Одлука УП1 бр. 07-168/14 од 15.12.2014 година (Службен весник на Република Македонија бр.187/14). Лиценцата се одзема бидејќи носителот на лиценцата престанал да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата, односно поради одземени основни средства за вршење на дејноста.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

О б р а з л о ж е н и е

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, согласно одредбите од член 48 став 1 алинеја 5 од Законот за енергетика, утврди дека Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје престанал да ги исполнува условите за вршење на дејноста производство на топлинска и електрична енергија во постројка за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија.

Основните средства за вршење на дејноста, вклучувајќи ја зградата и опремата од постројката, како резултат на активирање на хипотека, со усно јавно наддавање, за продажба на движен и недвижен имот на Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје, со седиште на ул. „16-та Македонска Бригада“ бр.18 Скопје - Гази Баба, се одземени преку извршител Христо Јованов.

Согласно имотниот лист 9363 за КО Гази Баба, сопственик на недвижниот имот е АД ЕЛЕМ Електрани на Македонија. Согласно Потврда за предавање на подвижни предмети во владение И.бр.475/2017 на извршител Христо Јованов основните средства за вршење на дејноста се во сопственост и владение на АД ЕЛЕМ Електрани на Македонија.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија по спроведување на постапка за одземање на лиценца согласно член 48 од Законот за енергетика и член 54 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности утврди дека се исполнети условите за одземање на лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на топлинска и

електрична енергија во постројки за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија на Друштвото за производство и трговија на топлинска и електрична енергија КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.07-168/14**
**13.03.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**